Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19, 275/19, 267/20 ,163/21 и 57/22) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12.03.2022 година, донесе

# Одлука

## за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

### Член 1

Со оваа одлука поблиску се определуваат видот на енергентите и временскиот период на примена на повластената даночна стапка во услови на постоење на можност од настанување на пореметување во снабдувањето на населението.

### Член 2

(1) Енергентите за кои се применува повластената стапка на данокот на додадена вредност од 10% се распоредени во следниве тарифни броеви/подброеви/ознаки/глави од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Глава/ тарифен број/ подброј/ ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | 2710124500 | Со октански број ( RON) од 95 или поголем, но помал од 98 |
| 2. | 2710124900 | Со октански број ( RON) од 98 или поголем |
| 3. | 2710194300 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 4. | 2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надмнува 0,002% по маса |
| 5. | 2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0.002% по маса, но не надмнува 0,1% по маса |
| 6. | 2710194800 | Со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 7. | 2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.001% по маса |
| 8. | 2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0.001% по маса, но не надминува 0.1% по маса |
| 9. | 2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0.1% по маса |
| 10. | 2711121100 | За употреба како погонско или енергетско гориво |
| 11. | 2711129400 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди: со чистота што надминува 90% но помала од 99% |
| 12. | 2711129700 | Нафтени гасови и други гасовити јаглеводороди: |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Друго |
| 13. | 2711139100 | За други намени: Со чистота што надминува од 90% но помала од 95% |
| 14. | 2711139700 | - Друго |
| 15. | 2711190000 | - Друго |
| 16. | 2711290000 | Во гасовита состојба: Друго |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува до 31 мај 2022 година.

Бр.41-2229/1
12 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р Димитар Ковачевски, с-р